# УСПЕШНОТО СПРЕЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ НЕРЕГУЛАРНОСТИ - КЛУЧЕН ФАКТОР ЗА ФЕР И ДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ



КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA

СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJUKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# Успешното спречување на изборните нерегуларности - клучен фактор за фер и демократски избори

Скопје, декември 2005

# Успешното спречување на изборните нерегуларности - клучен фактор за фер и демократски избори

**Автор:**
*Маријана НЕТКОВСКА*

**Издавач:**
*Коалиција "Сите за правично судење"*
*ул. Македонија бр. 11/2-10*
*1000 Скопје, Р. Македонија*
*тел./факс: ++389 2 3215-263*
*e-mail: contact@all4fairtrials.org.mk*
*www.all4fairtrials.org.mk*

**За издавачот:**
*Весна СТОЈКОВСКА, директор*

**Уредник:**
*Маријана НЕТКОВСКА*

**Техничко уредување и печат:**
*Студио ЕМИТЕР - Скопје*
*тел./факс: (02) 3115-111*
*e-mail: emiter@unet.com.mk*

**Корица:**
**PROMO**DSGN
www.promo.com.mk

Поддржано од

Organization for Security and Co-operation in Europe
**Spillover Monitor**
**Mission to Skopje**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


Кратко резиме ... 5
Теоретско-методолошки пристап ... 6
1. Предмет и цели на проектот ... 6
2. Методолошки пристап ... 7

**ГЛАВА I**
1. Законска рамка на локалните избори ... 9
2. Органи за спроведување на избори ... 9
3. Распишување, изборна кампања и одржување на изборите ... 10

**ГЛАВА II**
1. Класификација на кривичните дела против изборите и гласањето ... 12

**ГЛАВА III**
1. Нерегуларности во текот на локалните избори во 2005г. утврдени од акредитирани домашни и странски набљудувачи ... 16

**ГЛАВА IV**
1. Феноменолошки карактеристики на кривичните дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г.
  - Време на извршување на кривичните дела ... 19
  - Место на извршување на кривичните дела ... 20
  - Начин на извршување на кривичните дела ... 20

2. Пријавени, обвинети и осудени лица за кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г.
  - Пријавени лица ... 22
  - Обвинети лица ... 24
  - Профил на обвинетиот ... 25
  - Полова структура ... 25
  - Старосна структура ... 25

• Поранешна осудуваност ... 25
• Национална структура ... 26
• Образование ... 26
• Членство во органите за спроведување на локалните избори (избирачки одбори, општински изборни комисии и државна изборна комисија) ... 26
• Осудени лица ... 27

3. Санкционирање на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето ... 29
• Видови кривични санкции. ... 30
• Законски минимум, законски максимум и судско одмерување на кривичните санкции ... 30

4. Почитување на меѓународните стандарди за правично судење во кривичната постапка против сторителите на кривични дела против изборите и гласањето
• Право на судење пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд ... 33
• Еднаквост на средствата ... 33
• Право да се биде присутен на судењето ... 33
• Судење во разумен рок ... 35
• Право на молчење ... 35
• Право на преведувач ... 35
• Право на одбрана ... 36

ЗАКЛУЧОЦИ ... 37

ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗМЕНА НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ... 40

Библиографија ... 43

## Кратко резиме

Со цел, да се идентификуваат проблемите на кои наидува судскиот систем при кривичното гонење на лицата за кои постои основано сомнение дека сториле кривични дела против изборите и гласањето, од јули 2005год. Коалицијата “Сите за правично судење“ започна со набљудување на сите предмети во областа на кривичните дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005год.

Најнапред, врз основа на известувања дадени од страна на Основните Јавни Обвинителства и Основните судови се утврди дека за вкупно 49 кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори се пријавени вкупно 65 лица.

Од вкупно 65 пријавени лица спрема 15 лица е отфрлена кривичната пријава, против 13 лица се спроведува истрага, за 6 лица се прибираат докази од страна на јавното обвинителство, а 31 лице е обвинето.

Од вкупно 31 обвинет, спрема 4 лица првостепената постапка е во тек, за 1 лице е донесена пресуда со која се одбива обвинението, 21 лице е огласено за виновно, а 5 лица се осудени.

Во поглед на санкционирањето на сторителите на кривичните дела, на 11 лица им е изречена казна затвор, 7 лица се парично казнети, на 7 лица им е изречена условна осуда, а на 1 малолетник му е изречена воспитна мерка-засилен надзор од страна на родителите под контрола на социјален орган. При одлучувањето за видот и висината на кривичните санкции, судовите се движеле во рамките на законскиот минимум и максимум, освен во два судски предмета каде на 7 лица им се изречени кривични санкции под законскиот минимум.

# ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## 1. Предмет и цели на проектот

Со цел да се зголеми довербата на јавноста во правниот систем и судството, да се идентификуваат проблемите во судскиот систем и да се укаже на потребата за правни и институционални реформи, да се зголеми почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови како и да се запознае јавноста со стандардите за правично судење, во мај 2003год. е основана Коалицијата на 22 невладини организации "Сите за правично судење".

Во јули 2005 година, Коалицијата започна со имплементација на проектот "Следење на кривичниот прогон во врска со делата против изборите и гласањето", финансиски поддржан од страна на мисијата на ОБСЕ во Скопје.



Проектот е реализиран со цел да се утврди подготвеноста на државните институции да се справат со изборните нерегуларности, а особено подготвеноста на судскиот систем да се справи со лицата кои за време на локалните избори во 2005 год. извршија кривични дела против изборите и гласањето. Во таа насока, проектот има за цел да се идентификуваат проблемите со кои се соочува судскиот систем при гонењето на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето, како и да укаже на потребата за правни и институционални реформи. Во рамките на проектот беа преземени повеќе активности:

- Идентификација на нерегуларностите во текот на локалните избори во 2005год. и нивно следење во преткривичната и кривичната постапка;
- Набљудување на судските предмети за кривичните дела против изборите и гласањето;
- Анализа на добиените информации од набљудуваните предмети, како и од други информативни канали;
- Соработка со релевантни институции (јавни обвинителства, судови и др.) заради прибирање на податоци за кривичното гонење на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето

Преку овој истражувачки проект Коалицијата сака да го даде својот скромен придонес кон постигнување на поголема ефикасност во борбата за успешно справување со изборните нерегуларности, како и обезбедување услови за одржување фер и демократски избори.

## 2. Методолошки пристап

Еден од методите на реализација на проектот и поставените цели и задачи е **методот на набљудување** на судските постапки.

Со цел да се обезбеди прибирање на непристрасни податоци кои послужија како основен инструмент за изготвување на темелни анализи за состојбата со гонењето и санкционирањето на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето, постоечкиот прашалник на Коалицијата беше изменет согласно целите на проектот, а набљудувањето го вршеа шест набљудувачи со богато искуство во набљудувањето на судските предмети.

Најнапред, врз основа на известувања дадени од страна на Основните Јавни обвинителства и Основните судови се утврди дека се оформени вкупно 19 предмети за кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во РМ во 2005 г.



Податоците за кривичниот прогон на сторителите беа прибирани преку набљудување на судските постапки, преку писмени известувања дадени од страна на Основните Јавни обвинителства и Основните судови, како и преку непосредни средби со основни јавни обвинители, заменици јавни обвинители и судии. Имено, за 4 предмети податоците беа прибавени преку набљудување на судската постапка, на начин што набљудувачите, по извршеното набљудување врз основа на податоците за предметот прибавени од рочиштето, пополнуваа **прашалник** за набљудување, и истиот го доставуваа до проект-координаторот. За предметите, кои во моментот на започнување на имплементацијата на проектот беа завршени во прв степен, како и за предметите кои беа правосилно завршени, податоците беа прибирани преку писмени известувања како и преку непосредни средби со судии и обвинители.

Податоците за кривичниот прогон на лицата кои за време на локалните избори извршиле кривични дела против изборите и гласањето, се однесуваат на периодот од 01.07.2005 до 01.12.2005г. а со систематизација и анализа на истите е изготвен овој извештај.

# ГЛАВА I

## 1. Законска рамка на локалните избори

Согласно Уставот на Република Македонија, локалните избори се регулираат со **Законот за локални избори** (Сл.весник на РМ бр.45/04).[1] Законот за локални избори детално ги регулира постапката и условите за избор на членови на советите на единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: општини), Советот на градот Скопје и за избор на градоначалник на општините и градоначалник на градот Скопје. Членовите на советите се избираат по пропорционален модел, а градоначалникот се избира според мнозински модел. Право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот, има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината, односно градот Скопје каде што се вршат избори.

Законот за локални избори гарантира слобода и тајност на гласањето и никој не смее да го повика избирачот на одговорност поради гласањето ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.



## 2. Органи за спроведување на избори

- **Државна изборна комисија,** составена од претседател кој го назначува Претседателот на РМ; четири члена (кои се судии во Врховниот суд на РМ) и нивни заменици кои ги назначува Собранието, а чиј мандат изнесува четири години.

- **Општински изборни комисии и изборната комисија на град Скопје (изборни комисии),** именувани од страна на ДИК, а се составени од претседател

[1] Правни норми за регулирање на локалните избори, исто така се содржани и во:
- Закон за избирачките места (Сл.весник на РМ бр.50/97); Закон за избирачкиот список (Сл.весник на РМ бр.42/02);
- Одлука за утврдување на бројот на членовите на советите на општините во РМ донесена од Владата на РМ на седница на 23.08.2005год.
- Упатства за појаснување на примената на законот за локални избори, Кодекс за правилата и процедурата за набљудување на локалните избори 2005год., Календар-роковник за извршување на изборните дејствија за избор на членови на советите на општините и советот на град Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на град Скопје и Опис на избирачки места, кои согласно своите надлежности ги донесе ДИК, а со цел обезбедување законитост во подготовките и спроведувањето на изборите.

и негов заменик кои се именуваат од редот на судиите на основниот суд кој го покрива подрачјето за кое е основан; четири члена и нивни заменици кои се избираат за време од четири години.

- **Избирачки одбори,** составени од претседател и негов заменик; четири члена и нивни заменици. Согласно своите надлежности, избирачките одбори непосредно раководат со гласањето на гласачките места, обезбедуваат правилност и тајност на гласањето, обезбедуваат слободно и мирно одржување на гласањето и ги сумираат и објавуваат резултататите од гласањето на гласачките места каде го спроведувале гласањето.

***Законот за локални избори им дава исклучителни привилегии на четирите водечки партии во делот на назначувањето на органите за спроведување на изборите, со што грубо се крши уставно загарантираната независност на судството. Назначувањето на органите за спроведување на изборите од страна на четирите водечки партии доведува до партизација на судството, со што се рушат напорите за независно функционирање на судството како и условите за спроведување на фер и демократски избори.***



## 3. Распишување, изборна кампања и одржување на изборите

Локалните избори во Република Македонија првично беа закажани за октомври 2004г. (бидејќи претходните локални избори се одржаа во 2000г.), но се одржаа во март 2005г. Имено, поради одржувањето на референдумот кој одлучуваше колку општини ќе има во РМ, Собранието на РМ донесе измени на Законот за локални избори, согласно кои Претседателот на Собранието на РМ ги закажа локалните избори на 13.03.2005г.

Со цел да се обезбеди законски и демократски тек на изборната кампања, 32 претседатели на политички партии и 3 независни кандидати за градоначалници потпишаа ***Кодекс на однесување за слободни и фер локални избори.***[2] Меѓутоа, и покрај потпишаниот Кодекс, ГА МОСТ во своето Соопштение за медиумите од 17.03.2005г. констатира предвремено започнување на изборните кампањи од страна на кандидатите за градоначалник на град Скопје, и тоа со поставување на билборд во центарот на Скопје, држење конференции за медиуми на кои се истакнати логоа, банери и изборни слогани кои ќе се користат во текот на кампањата, додека во соопштението од 09.03.2005г. врз основа на 188 извештаи, конста-

[2] Овој кодекс беше објавен во дневните весници " Дневник" и "Факти" од 25.02.2005г. кои беа медиумски поддржувачи на кодексот и активностите поврзани со него.

тира злоупотреба на деца за партиски цели[3], прекин на наставата за учество на партиски митинзи, искористување на културните и спортските настани за промовирање на програмите на одредени кандидати, случаи на давање пари, делење на прехрамбени и други продукти на граѓаните. Како најчести прекршувања се спомнати прекршувањата на членовите 7 и 8 од Кодексот, со постојани препукувања помеѓу учесниците во предизборната трка, меѓусебните навреди и обвиненија евидентирани при масовните јавни собири. За жал, иако беа констатирани неправилности во текот на изборната кампања не беше поднесен ниту еден приговор во врска со тоа.

[3] "Изборниот штаб на кандидатот за градоначалник Ристо Пенов ќе ги повлече сите билборди, плакати и реклами на кои се појавуваат деца. Ова е реакција по критиките на народниот правобранител Иџет Мемети дека Пенов злоупотребува деца за политички цели. " - Дневник 02.03.2005г.

## ГЛАВА II

## 1. Класификација на кривичните дела против изборите и гласањето

Според современите мерила и стандарди на демократијата и правната држава, важен услов за постоењето на демократското општество засновано врз човековите слободи и права, е несомнено правото на граѓанинот слободно да го избира моделот на политичкиот систем и претставниците кои во негово име ќе управуваат со државните и општествените работи. Во таа смисла, се инкриминираат кривичните дела против изборите и гласањето, со што кривично-правно се заштитуваат елементарните прашања кои се од значење за законито спроведување на изборите и остварување на уставно гарантираното избирачко право на граѓаните да избираат и да бидат избрани.



Во глава шеснаесетта од Кривичниот законик на Република Македонија[4] се инкриминирани осум кривични дела против изборите и гласањето[5]:

Со цел да се обезбеди кривично-правна заштита на изборите како државно-правен акт и облик на остварување на правото на глас на граѓаните во чл.158 од КЗ на РМ е инкриминирано кривичното дело **спречување на избори и гласање**, кое го врши тој што умислено со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин ќе го оневозможи или ќе го спречи одржувањето на избори или гласање, или пак ќе го оневозможи или спречи утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето. Доколку изборите и гласањето се спречени со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи, со примена на насилство спрема две или повеќе лица или во организирана група, или на подрачјето на две или повеќе избирачки места, тогаш станува збор за потежок облик на кривично дело спречување на избори и гласање.

[4] Службен весник на РМ бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 19/04.

[5] Во глава VIII од Кривичниот закон на СРМ од 1977г. менуван и дополнуван во 1984, 1987, 1989, 1990, 1992(кога е преименуван во Кривичен закон на РМ) и 1993г., под наслов "Кривични дела против самоуправувањето" се систематизирани осум кривични дела против изборниот систем: повреда на избирачко право, повреда на слободата за определување на избирачите, уништување на изборни исправи, повикување на одговорност поради гласање, злоупотрба на правото на глас, загрозување и попречување на изборите, повреда на тајноста на гласањето и фалсификување на резултатите од изборите и гласањето.

Заради заштита од дејствија на оневозможување на вршење на избирачкото право, во чл.159 од КЗ на РМ е инкриминирано кривичното дело **повреда на избирачкото право**, кое го врши членот на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, кое:

- со намера да му оневозможи на друг вршење на избирачкото право, противзаконито нема да го запише во избирачкиот список или во листата на кандидати, противзаконито ќе го избрише од избирачкиот список или од листата на кандидати или на друг начин[6] ќе го лиши избирачот од правото да избира, да биде избран или да гласа, или

- на противзаконит начин ќе му овозможи на друг да користи избирачко право, иако знае дека тоа лице нема такво право.

Тргнувајќи од фактот дека слободата на определување на изборите е облик на остварување на демократските слободи и права на човекот и граѓанинот и неопходен услов за остварување на избирачкото право, во чл.160 од КЗ е инкриминирано кривичното дело **повреда на слободата на определување на избирачите**. Слободата на определување на избирачите е повредена тогаш кога некој со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе присили или ќе спречи избирач да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла. Додека пак, ако член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, ја повреди слободата на определување на избирачите тогаш станува збор за потежок облик на ова кривично дело.



Избирачкото право е општо (избирачко право има секое лице кое има навршено 18г. и има деловна способност) и непосредно (избирачот гласа лично, односно не може своето избирачко право да му го пренесе на друг и не може да гласа наместо друг, други).[7] Бидејќи врз легалноста и легитимноста на изборите и гласањето може да влијае и учеството на лица што немаат избирачко право, гласањето наместо друг и гласањето повеќе пати од страна на едно исто лице, со чл.161 од КЗ е инкриминирано кривичното дело **злоупотреба на избирачкото право**. Избирачкото право го злоупотребува лицето кое:

- ќе гласа наместо друг, лажно претставувајќи се дека е некое друго лице

[6] Под друг начин се подразбира оневозможување на друг да го оствари избирачкото право со секое друго противправно дејствие.

[7] Согласно чл.22 од Уставот на РМ

ќе гласа во негово име односно наместо него, при што без значење е дали сторителот веќе гласал во свое име, ниту пак за кого гласал, туку е важно да гласал наместо друг, узурпирајќи го неговото право на глас,

- ќе гласа два или повеќе пати, а притоа ирелевантно е дали сторителот гласал повеќе пати во свое име или пак во името на некое друго лице или
- ќе земе учество на изборите или гласањето, иако знае дека нема избирачко право.

Во рамките на казнената интервенција, многу често како проблем се наметнува повлекувањето линија помеѓу допуштеното влијание врз избирачите што е составен дел на изборната пропаганда и нивното поединечно придобивање за определена листа, кандидат или исход на гласањето на референдум. Поединечното убедување, ветување на некаква општа корист (изградба на пат, улица, водовод, отворање работни места и сл.), и други облици на лично влијание, сепак останува во границите на допуштеното влијание врз избирачите. Со цел, да се обезбеди заштита на јавно-правниот карактер на избирачкото право, вршењето на тоа право во функција на избор на државни органи или донесување на важни одлуки, слободата на изборите треба да се заштити од личното поткупување, односно од поединечното "купување" гласови. Доколку избирачот своето избирачко право не го користи заради избор на државни органи или донесување на важни одлуки, туку заради стекнување на некаква лична корист, тогаш доаѓа до нарушување на самата функција на изборите и гласањето: наместо инструмент за демократско конституирање на власта и донесување одлуки, тие стануваат приватна трговска зделка на граѓаните и кандидатите. Поради овие причини, а со цел да се обезбеди заштита на изборите од незаконитости и неправилности, во чл.162 е инкриминирано кривичното дело **поткуп при избори и гласање**.



Кривичниот законик на РМ предвидува активно и пасивно поткупување. Активно поткупување постои во случај кога едно лице на друго лице (кое има избирачко право) му нуди, му дава или пак му ветува подарок (ветување на вработување, позитивно решавање на некое барање на гласачот и сл.) со намера да го придобие да учествува на изборите и да гласа, да не учествува на изборите и да не гласа или пак да го искористи своето избирачко право на начин како што од него ќе побара поткупувачот. Пасивно поткупување постои во случај кога едно лице кое има избирачко право ќе побара за себе или ќе прими подарок или друга корист за да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла.

Со цел, избирачите да се заштитат од евентуални притисоци и од негативните консеквенци за дадениот глас, што е една од основните претпоставки за слободни, фер и демократски избори, во член 162 од КЗ е предвидено кривичното дело **повреда на тајноста на гласањето**, со што се обезбедува кривично-правна заштита на слободата на определувањето на избирачите при одлучувањето за тоа како

ќе го искористат своето избирачко право (за кој кандидат, односно листа на кандидати ќе го дадат својот глас). Тајноста на гласањето ја повредува тој што со било какво дејствие ќе ја повреди тајноста на изборите или гласањето: со оневозможување на избирачот тајно да гласа, со отворање и увид во гласачкото ливче по гласањето и сознавање за кого гласал избирачот, со обележување на гласачкото ливче и сл. Доколку тајноста на гласањето е повредена од страна на член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум, или друго службено лице при вршење на службата во врска со изборите или гласањето, или пак со употреба на сила, сериозна закана, со искористување на службена, работна или економска зависност, тогаш станува збор за потежок облик на ова кривично дело.

Неоштетените и нефалсификуваните исправи се документи со кои се утврдува и потврдува валидноста на изборите. Во насока на обезбедување на исправна документација за потврдување на валидноста на изборите во чл.164 од КЗ е инкриминирано кривичното дело **уништување на изборни исправи**, кое може да биде извршено со уништување, прикривање, оштетување, преправање или со некое друго дејствие со кое ќе биде направена неупотреблива исправа, книга или спис што служи за изборите или гласањето. Потежок облик на ова дело постои доколку изборни исправи се уништени од страна на член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето.

Законитоста и објективноста, во спроведувањето на гласањето односно во утврдувањето и објавувањето на резултатите од гласањето, не смее да биде ставена под сомневање во ниеден момент, зашто тоа би довело до губење на довербата на избирачите во регуларноста на спроведените избори. Резултатите од спроведените избори мора да бидат одраз на вистинската волја на електоратот, зашто во спротивно ќе се доведе во прашање легалитетот и легитимитетот на избраните претставници. Во таа насока, заради обезбедување законитост на изборите, гласањето, утврдувањето и објавувањето на резултатите од гласањето, во чл.165 од КЗ е инкриминирано кривичното дело **изборна измама**.

Кривично дело изборна измама врши членот на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето, кое умислено (свесен за измамата во спроведувањето на изборите и гласањето) ќе ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе гласачки ливчиња, ќе го измени бројот на гласовите при пребројувањето или пак ќе го измени бројот на гласовите при објавувањето на резултатите од изборите или гласањето со додавање или одземање на еден или повеќе гласови.

## ГЛАВА III

# 1. Нерегуларности во текот на локалните избори во 2005г. утврдени од акредитирани домашни и странски набљудувачи

Општа оцена на акредитираните домашни и странски набљудувачи е дека локалните избори во РМ во 2005 г. беа фер, демократски и во согласност со Документот од Копенхаген на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори, но со сериозни неправилности во значителен број општини во западниот и северозападниот дел од земјата(Кумановско-Липковскиот, Тетовскиот и Гостиварскиот регион како и во дел од Скопскиот регион, во општините Шуто Оризари и Студеничани), кои влијаат врз интегритетот на целокупниот изборен процес.



Нерегуларностите и нарушувањата на изборниот процес, утврдени од страна на акредитираните домашни и странски набљудувачи се однесуваат на: полнење на гласачки кутии; групно гласање; прекини на гласање; гласање за други лица; некористење на невидливо мастило за избегнување на повторно гласање; семејно гласање; непочитување на процедурата на гласање пропишана со закон; насилно однесување и меѓусебни физички пресметки; употреба на огнено оружје за заплашување; непотпишување на гласачите во изводите од избирачкиот список; нарушување на тајноста на гласањето; користење на упатства за гласање само на албански јазик; тензија, немири и заплашување надвор од избирачките места; кршење на гласачки кутии; агитирање, напади врз гласачи и дистрибутирање на пропаганден материјал; тензија, немири и заплашување во самите избирачки места; недостаток на избирачки материјал; дирекно учество на членовите на изборните одбори (комисии) во прекршувањето на избирачкото право; неспроведување на постапка за проверка на идентитетот на гласачите; пронаоѓање на поголем број гласачки ливчиња во гласачките кутии од бројот на гласачи кој го дале својот глас; задоцнето отварање на гласачките места и сл.

Доколку се констатираат неправилности во текот на изборите, секој подносител на листа на кандидати за членови на совет и листа на кандидат за градоначалник и секој избирач во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето има право да поднесе приговор до изборната комисија,

и тоа во рок од 48 часа по констатирањето на неправилностите[8]. Изборната комисија, со решение ќе го поништи гласањето на гласачкото место ако утврди дека била нарушена тајноста на гласањето; ако гласањето било прекинато подолго од три часа; ако полицијата не одговорила на барањето за интервенција од страна на избирачкиот одбор, а за тоа имало потреба и влијаело врз спроведувањето на гласањето на избирачкото место; ако бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е поголем од бројот на избирачите кои гласале, а тој број влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје или ако утврди дека некое лице или лица гласале за други лица (лице), а бројот на тие гласови влијае на резултатите од гласањето на ниво на општина и градот Скопје. Против решението на изборната комисија, во рок од 24 часа може да се поднесе жалба до Врховниот суд кој е должен да постапи по жалбата во рок од 48 часа по нејзиниот прием.[9]

По завршувањето на првиот изборен круг, до општинските изборни комисии се поднесени околу **200 приговори** за наводни неправилности, од страна на политичките партии и независните кандидати, но голем дел од приговорите се отфрлени од страна на општинските изборни комисии поради технички и процедурални причини. Одлучувајќи по **77 жалби** поднесени против одлуки на општинските изборни комисии, Врховниот суд има донесено 64 одлуки со кои во 17 случаи ги уважил жалбите, а во поголем број случаи ги одбил жалбите и ги потврдил одлуките на општинските изборни комисии. По завршувањето на вториот изборен круг, до општинските изборни комисии се поднесени **174 приговори** за наводни неправилности, при што голем дел од приговорите се отфрлени од страна на општинските изборни комисии. Против одлуките на општинските изборни комисии се поднесени **76 жалби** до Врховниот суд кој во 16 случаи ги уважил жалбите, но во голем број случаи ги одбил жалбите.[10]




Како резултат на приговорите и жалбите поднесени за наводни неправилности во текот на изборниот процес, се одржа прегласување на 27 март во 13 општини[11];

[8] Согласно чл.81 од Законот за локални избори (Сл.весник бр.45/04)
[9] Согласно чл.74 од Законот за локални избори ( Сл.весник бр.45/04)
[10] Конечен извештај на Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР, Варшава, 8 јуни 2005г.
[11] Кичево, Куманово, Зелениково, Конче, Маврово и Ростуша, Студеничани, Бутел, Гостивар, Брвеница, Чаир, Тетово, Шуто Оризари и Гази Баба.

на 10 април во 11 општини[12]; на 24 април во 2 општини[13], а прегласување имаше и на 8 мај.

Во општина **Шуто Оризари**, како последица на неправилностите по првиот изборен круг, беа поништени резултатите од гласањето во четири избирачки места. Поради повторените неправилности во натамошните изборни кругови биле поднесени приговори, па како последица на тоа се спроведе повторен втор круг гласање на 24 април. Бидејќи новоизбраниот градоначалник се наоѓаше на издржување на затворска казна, неговиот мандат беше повлечен согласно чл.54 ст.1 од Законот за локална самоуправа и согласно овој закон беа распишани **вонредни избори**. Врз основа на извештаите на 38 набљудувачи кои во статични и мобилни тимови го следеле гласањето на 21 август, ГА МОСТ оценува дека првиот изборен круг од вонредните избори за градоначалник на општина Шуто Оризари помина во мирна атмосфера и без сериозни инциденти. Во текот на првиот изборен круг набљудувачите на МОСТ забележале случаи на непочитување на процедурата на гласање, односно несоодветна употреба на УВ ламба за проверка и невидлив спреј за обележување на гласачите, непочитување на тајноста на гласањето во случаите кога помош барале слепите и неписмени лица, случаи на гласање за друго лице, голем број на случаи на семејно гласање, како и случаи на организиран превоз на гласачите и присуство на пропаганден материјал во непосредна близина на избирачките места забележано од стана на мобилните тимови на МОСТ.[14] Вториот круг од вонредните избори за градоначалник на општина Шуто Оризари одржан на 4 септември, МОСТ оценува дека поминал без сериозни инциденти, но со недостатоци во спроведувањето на процесот на гласање гледано од технички аспект (несоодветна употреба на УВ ламба за проверка и невидлив спреј за обележување на гласачите), а најголем број од неправилностите регистрирани од страна на набљудувачите се однесуваат на семејно гласање и гласање за друго лице, како и организиран превоз на гласачите забележано од страна на мобилните тимови на МОСТ.

[12] Бутел, Долнени, Штип, Македонски брод, Охрид, Зрновци, Липково, Чучер Сандево, Маврово и Ростуша, Кривогаштани и Брвеница.

[13] Студеничани и Шуто Оризари

[14] Во дневниот весник Дневник од 22.08.2005год. е објавено дека Централниот штаб на Сојузот на Ромите во свое соопштение тврди дека на гласачите во селото Горно Оризари во текот на првиот изборен круг им се нудени пари за да гласаат за одреден кандидат за градоначалник, додека пак на гласачкото место 2973 во Горно Оризари околу 14.45 часот лица со возило голф со регистарски таблички СК-478-НД, им нуделе пари на избирачите за да гласаат за определен кандидат за градоначалник.

# ГЛАВА IV

## 1. Феноменолошки карактеристики на кривичните дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г.

Во текот на локалните избори во РМ во 2005г. се извршени вкупно 49 кривични дела против изборите и гласањето: 13 кривични дела спречување на избори и гласање (по чл.158 од КЗ на РМ), 9 кривични дела повреда на избирачкото право (по чл.159 од КЗ на РМ), 5 кривични дела злоупотреба на избирачкото право (по чл.161 од КЗ на РМ), 10 кривични дела изборна измама (по чл.165 од КЗ на РМ), 11 кривични дела уништување на изборни исправи и 1 кривично дело повреда на слободата на определување на избирачите.




### Време на извршување на кривичните дела

Во поглед на прашањето за времето на извршување на кривичните дела против изборите и гласањето, дали се извршени во текот на првиот, вториот изборен круг или пак во текот на прегласувањата, врз основа на статистичката обработка на податоците, се утврди дека најмногу кривични дела (61% од вкупниот број кривични дела) се извршени во текот првиот изборен круг, 27% од вкупниот број кривични дела се извршени во вториот изборен круг, 8% на прегласувањето на 10.04.2005г., а 4% на прегласувањето на 24.04.2005г.



## Место на извршување на кривичните дела

Во поглед на местото на извршување, за време на локалните избори во 2005г. во осум општини се извршени кривични дела против изборите и гласањето. Најмногу кривични дела против изборите и гласањето (вкупно 12) се извршени во општина Шуто Оризари, 9 кривични дела се извршени во општина Долнени, 8 во општина Липково, 5 во Кичево, по 4 кривични дела се извршени во Прилеп и Брвеница, по 2 во општините Студеничани и Гостивар, а по 1 кривично дело во општините Василево, Бутел и Радовиш.




Анализата на податоците доведе до заклучок дека 95% од вкупниот број кривичните дела се извршени на гласачките места односно во просториите каде се спроведувало гласањето, додека пак само 5% од кривичните дела се извршени надвор од гласачките места.






## Начин на извршување на кривичните дела

Кривичното дело **спречување на избори и гласање**, во 13 случаи е извршено на следниве начини: со употреба на оружје[15]- во 6 случаи, со употреба на

[15] Четири лица со употреба на оружје искинале дел од избирачкиот материјал и ја полнеле избирачката кутија со гласачки ливчиња, со што ги спречиле изборите и гласањето во текот на вториот изборен круг на избирачкото место бр.1391 во општина Прилеп. Едно лице со нож скршило стакло на два прозора во просторијата каде се одржувало гласањето, а друго лице кое се наоѓало на растојание од 10 метри од гласачкото место вперило ловна пушка кон просторијата каде се гласало и каде имало многу луѓе и испукал куршум во соседната просторија, со што овие лица ги спречиле изборите и гласањето во текот на првиот изборен круг на избирачкото место бр.1473 во општина Долнени.

[16] Едно лице со кршење на три избирачки кутии запечатени со сигурносни ленти, ги спречило изборите и гласањето во текот на првиот изборен круг на избирачкото место бр.2905 во општина Бутел. По претходна расправија и туркање помеѓу две лица дошло до кршење на гласачката кутија, со што овие лица ги спречиле изборите и гласањето во текот на вториот изборен круг на избирачкото место бр.1119 во општина Липково.

сила[16]- во 5 случаи, а во 2 случаи со одземање и оддалечување (од гласачкото место) на избирачкиот материјал[17].

Од вкупно 9 кривични дела повреда на избирачкото право извршени за време на локалните избори, 6 од нив се извршени со противзаконито лишување[18] на избирачите од избирачкото право, а во 3 случаи со противзаконито овозможување на лица кои немаат избирачко право да искористат такво право.[19]

За време на локалните избори избирачкото право го злоупотребиле вкупно 5 лица, од кои четири лица гласајќи за членовите на своето потесно семејство[20]. Во поглед на уништување на изборни исправи, од вкупно 11 лица, дури 10 лица изборните исправи ги уништиле со уништување на гласачки листи.[21], а со употреба на сериозна закана[22] на еден избирач му е повредена слободата на определување, за време на локалните избори во 2005г.

Во текот на локалните избори во 2005г. во РМ, за поткуп при избори и гласање се пријавени две лица, но и во двата случаи поради непостоење на основано сомнение дека пријавените го сториле кривичното дело кривичната пријава е отфрлена од страна на обвинителството. Од друга страна, не е поднесена ниту една кривична пријава за повредување на тајноста на гласањето.



17 ОЈО Гостивар прибира докази против две лица за кои постои сомнение дека ги спречиле изборите и гласањето со одземање и оддалечување на избирачкиот материјал, кој без записник го предале на претседателот на општинската изборна комисија.

18 Во текот на вториот изборен круг, на избирачкото место бр.1117 во општина Липково, претседателот и четворицата членови на избирачкиот одбор, на едно лице му овозможиле да гласа за себе и за членовите на своето потесно семејство, со што членовите на семејството ги лишиле од правото да гласаат. За време на повтореното гласање на 24.04.2005г. на избирачкото место бр.2343 во општина Студеничани, претседателот на избирачкиот одбор во своите раце ги држел гласачките ливчиња и избирачкиот список и недозволувал да започне гласањето, со што лишил избирачи од правото на гласање.

19 Во текот на првиот изборен круг на избирачкото место бр.1470 во општина Долнени, претседателот, еден член и еден заменик член на избирачкиот одбор, противзаконито им овозможиле на три лица да користат избирачко право иако знаеле дека тие немаат такво право, и тоа на едно лице му дале по 3 гласачки ливчиња за избор на градоначалник и за избор на советници, на друго лице му дале по 5 гласачки ливчиња за избор на градоначалник и за избор на советници, а на трето лице по 3 гласачки ливчиња за избор на градоначалник и за избор на советници, по што им дозволиле да гласаат со ставање на сите овие гласачки ливчиња во гласачките кутии.

\20 Во текот на првиот изборен круг, на избирачкото место бр.1470 во општина Долнени 3 лица го злоупотребиле избирачкото право, и тоа едното лице гласајќи за неговата сопруга и мајка, другото лице гласајќи за неговата мајка, сопруга, за снаата од синот и за ќерката, а третото лице гласајќи за неговата сопруга и баба.

21 Истражен судија на Основен суд Скопје II Скопје презема истражни дејствија против 10 лица за кои постои сомнение дека во текот на првиот изборен круг како членови на избирачки одбор без да ја известат изборната комисија во повеќе наврати дозволиле НН лица да земат поголем број гласачки листи за избор на градоначалник на општина Шуто Оризари, а за да го прикријат недостатокот на истите на нивно место оставиле дел од другите гласачки ливчиња и тоа за избор на градоначалник на град Скопје и за избор на советници на град Скопје и за општина Шуто Оризари, со што ги уништиле гласачките листи.

22 Во општина Радовиш, една жена се обидела со употреба на сериозна закана да присили друга жена да го врши избирачкото право во определена смисла, заканувајќи и се дека ќе биде сменета од работното место (контролор) ако не постави слика на определен кандидат за градоначалник во домот во кој живее и ако не гласа за него, па откако оштетената одбила да го стори тоа била сменета на работно место чистач на конец како пример за другите вработени доколку не гласаат за тој кандидат за градоначалник.

## 2. Пријавени, обвинети и осудени лица за кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г.

### Пријавени лица

За кривични дела против изборите и гласањето во врска со локалните избори во 2005г. се поднесени вкупно 20 кривични пријави против 65 лица.

Бројот на кривични пријави и на пријавени лица, пооделно за секое кривично дело против изборите и гласањето, може да се види од следната табела:




Во поглед на подносителите на кривичните пријави, анализата на податоците, покажа дека од вкупно 20 кривични пријави, 14 кривични пријави се поднесени од страна на Министерството за внатрешни работи , 4 кривични пријави се поднесени од страна на граѓанини, а 2 кривични пријави има поднесено Сојузот на Роми од РМ.




По приемот на кривичните пријави, во девет Основни јавни обвинителства се оформени 19 предмети од кои седум се оформени во ОЈО Скопје, три предмети во ОЈО Прилеп, по два предмети во ОЈО Куманово и ОЈО Радовиш, а по еден предмет во ОЈО Тетово, Гостивар, Охрид, Кичево и Струмица.




Во поглед на постапувањето на Основните Јавни обвинителства во 6 предмети е поднесено барање за спроведување на истрага[23], во 7 предмети е подигнато директно обвинение[24], во еден предмет е поднесено барање за поведување на подготвителна постапка[25], три предмети се завршени со решение за отфрлање на кривичната пријава[26], а по 2 предмети постапката е во фаза на прибирање на докази од страна на Основните јавни обвинителства[27].




23

[23] Согласно чл.151 од ЗКП на РМ(Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04)
[24] Согласно чл.153 од ЗКП на РМ(Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04)
[25] До судија за малолетници на Основен суд Скопје II Скопје, ОЈО Скопје има поднесено барање за поведување подготвителна постапка против едно лице-малолетник за кривично дело спречување на избори и гласање (согласно чл.455 од ЗКП на РМ Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04)
[26] ОЈО Скопје има отфрлено 2 кривични пријави (една за уништување на изборни исправи и изборна измама против 12 лица, а друга за злоупотреба на избирачкото право против едно лице), ОЈО Радовиш има отфрлено една кривична пријава за поткуп при избори и гласањепротив едно лице, а со решение на ОЈО Охрид е отфрлена кривична пријава за поткуп при избори и гласање против едно лице. Во сите четири случаи решението за отфрлање на кривичната пријава е донесено врз ист законски основ-непостоење на основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело (чл. 144 ст.1 од ЗКП на РМ, Сл.весник бр15/97, 44/02 и 74/04)
[27] ОЈО Тетово прибира докази против четири лица за кои постои сомнение да сториле кривично дело изборна измама. ОЈО Гостивар прибира докази против две лица за кои постои сомнение да сториле кривично дело спречување на избори и гласање.(согласно чл.144 од ЗКП на РМ, Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04)

Во поглед на времето поминато од моментот на прием на кривичната пријава до моментот на подигнување на обвинение, анализата на собраните податоци покажа дека во еден случај е подигнато обвинение истиот ден кога кривичната пријава е примена во обвинителството,[28] Во 34% од случаите претходната постапка траела само еден ден, во 22% 3 дена, во 11 % 7 дена, во 11% половина месец, а во 22% 75 дена.




## Обвинети лица



За кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г. се обвинети вкупно 31 лице. По 9 лица се обвинети за спречување на избори и гласање и за повреда на избирачкото право, за повреда на слободата на определување на избирачите и за уништување на изборни исправи е обвинето по едно лице, а ниту едно лице не е обвинето за поткуп при избори и гласање, ниту за повреда на тајноста на гласањето.




[28] На 22.03.2005г. до ОЈО Радовиш е поднесена кривична пријава против едно лице за кривично дело повреда на слободата на определување на избирачите, и истиот ден Обвинителството има подигнато обвинителен предлог до Основниот суд Радовиш.-Писмено известување од ОЈО Радовиш КО бр.49/05 од 09.09.2005г.

## Профил на обвинетиот

### Полова структура

Во поглед на половата структура на лицата обвинети за кривични дела против изборите и гласањето во врска со локалните избори во 2005г., само едно лице е од женски пол, а сите останати 30 обвинети се лица од машки пол.

### Староснa структура

Статистичката обработка на собраните податоци, кои се однесуваат на возраста на обвинетите, покажа дека најмладиот обвинет е малолетник кој имал 17 години во моментот на извршувањето на кривичното дело, а најстариот обвинет има 61 година. 5% од обвинетите имаат до 20 години, 35% од обвинетите имаат од 20 до 35 години, 35% од обвинетите имаат од 35 до 45 години, а 20% од обвинетите имаат над 45 години.




### Поранешна осудуваност

Во поглед на поранешната осудуваност на обвинетите, поголем дел ( 85%) од обвинетите се неосудувани лица, додека пак помал дел (15%) од обвинетите се повратници односно лица кои се порано осудувани за други кривични дела.



## Национална структура

Во поглед на националната структура на обвинетите, 61% од обвинетите се Албанци, 26% се Турци, 5% се Роми, 5% се Македонци.




## Образование

Во поглед на образовното ниво на обвинетите, анализата на податоците покажа дека половина од обвинетите се со основно образование, 35% имаат средно образование, а по 5% од обвинетите имаат четврто одделение, вишо и високо образование.




## Членство во органите за спроведување на локалните избори (избирачки одбори, општински изборни комисии и државна изборна комисија)

За кривични дела против изборите и гласањето во врска со локалните избори во 2005г. се обвинети избирачи, лица без избирачко право, а најголем број од обвинетите во моментот на извршување на делото биле членови во органите за



спроведување на локалните избори (избирачки одбори, општински изборни комисии и државна изборна комисија).

Иако голем број од кривичните дела се извршени од страна на членови на органите за спроведување на локалните избори, има и случаи кога членовите на органите за спроведување на изборите биле напаѓани од страна на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето, при обидите да го спречат извршувањето на кривичните дела.[29]

Исто така, има и еден случај кога членовите на избирачкиот одбор дале голем придонес во откривањето на кривичното дело.[30]

## Осудени лица

За кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г. во РМ, во првостепена постапка се огласени за виновни вкупно 21 лице, а со правосилна пресуда се осудени 5 лица.

**Графички приказ на лицата огласени за виновни за кривични дела против изборите и гласањето во врска со локалните избори во 2005г.**









[29] Во текот на првиот изборен круг еден малолетник влегол во просторијата на гласачко место во општина Шуто Оризари и се обидел да земе поголем број гласачки ливчиња, а кога член на избирачкиот одбор се обидел да го спречи во тоа, малолетникот физички го нападнал членот на избирачкиот одбор, удирајќи го со бокс (тупаница) во пределот на лицето, а откако останатите членови на избирачкиот одбор му се спротиставиле на малолетникот, тој го напуштил избирачкото место.

[30] Членовите на избирачкиот одбор на изборно место во општина Василево пред почетокот на гласањето под сомнеж дека нешто не е во ред (бидејќи откако гласале немоќните лица, обвинетиот како претседател на избирачки одбор, го зел гласачкиот материјал, и истиот ноќта го чувал во својата куќа), ги прегледале гласачките ливчиња и утврдиле дека 17 од нив се неважечки, односно на 17 ливчиња биле заокружени кандидатите за градоначалници и под двата редни броја (1 и 2).




Односот помеѓу бројот на пријавени, обвинети, лица огласени за виновни со неправосилни пресуди и осудени лица може да се види од следнава табела:






Во поглед на нивниот однос, пооделно за секое кривично дело против изборите и гласањето, се утврдени следните податоци:



## 3. Санкционирање на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето

Постапувајќи по обвиненијата поднесени од страна на Основните јавни обвинителства, во шест Основни судови се оформени вкупно 12 предмети. Најмногу предмети, вкупно пет се однесуваат на кривичното дело спречување на избори и гласање, три предмети на кривичните дела повреда на избирачкото право и злоупотреба на избирачкото право, два предмети се однесуваат на изборна измама, еден предмет на уништување на изборни исправи и еден предмет се однесува на повреда на слободата на определување на избирачите.




Основните судови одлучувајќи по предметите, во 10 предмети имаат донесени осудителни пресуди (пресуди со кои обвинетите се огласени за виновни и им се изречени кривични санкции), во еден предмет е донесена одбивателна пресуда[31] (пресуда со која се одбива обвинението), а по еден предмет првостепената постапка е во тек.[32]




[31] Согласно чл.341 точка 3 од ЗКП на РМ(Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04), Основниот суд Скопје I Скопје има донесено одбивателна пресуда, односно пресуда со која е одбиено обвинението против едно лице обвинето за кривично дело спречување на избори и гласање, бидејќи заменикот основен јавен обвинител во текот на главниот претрес се откажал од обвинението.

[32] Кривичен предмет против 4 лица обвинети за квалифициран (потежок) облик на кривичното дело спречување на избори и гласање по чл.158 ст.2 од КЗ на РМ. Главниот претрес по овој предмет се води пред Основен суд Прилеп.

## Видови кривични санкции

Во поглед на кривичните санкции, на лицата кои се огласени за виновни им се изречени три видови на санкции: казни (казна затвор и парична казна); алтернативни мерки (условна осуда) и воспитна мерка (засилен надзор од страна на родителите под контрола на социјален орган ).

Казна затвор им е изречена на 11 лица, 7 лица се парично казнети, на 7 лица им е изречена условна осуда, а на едно лице-малолетник му е изречена воспитна мерка(засилен надзор од страна на родителите под контрола на социјален орган)




## Законски минимум, законски максимум и судско одмерување на кривичните санкции



*Законскиот минимум на казната затвор предвидена за сторителот на кривично дело спречување на избори и гласање изнесува шест месеци, а максимумот пет години. Од друга страна доколку изборите и гласањето се спречени со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи, со примена на насилство спрема две или повеќе лица или во организирана група, или пак ако станува збор за спречување на избори и гласање на подрачјето на две или повеќе избирачки места тогаш законскиот минимум изнесува 1 година, а 10 години максимумот на казната затвор.*

За кривично дело спречување на избори и гласање се огласени за виновни четири лица, на кои им се изречени следните санкции:

- едно лице е осудено на затвор во траење од осум месеци;
- на две лица им е изречена условна осуда, казна затвор во траење од една година и шест месеци која нема да се изврши ако обвинетите не извршат ново кривично дело за време од две години,[33]

[33] При одмерувањето на санкцијата, судот како олеснителни ги земал следните околности: дека обвинетите се семејни луѓе, дека се неосудувани и доброто држење на обвинетите пред судот, а како отежнувачки ги земал следните околности: тежината на кривичното дело, начинот на извршување, последиците од извршувањето на ваков вид на кривично дело, побудите поради кои е сторено делото и околностите под кои делото е извршено.

- на едно малолетно лице му е изречена воспитна мерка-засилен надзор од страна на родителите под контрола на социјален орган.

*Извршителот на кривично дело повреда на избирачкото право судот може да биде казнет **парично или пак на затвор до една година.***

На деветте лица огласени за виновни за повреда на избирачкото право, им се изречени следните санкции:

- едно лице е осудено на затвор во траење од осум месеци,
- на три лица им е изречена казна затвор во траење од два месеци,[34]
- на пет лица им е се изречени парични казни.

*Доколку некое лице ја повреди слободата на определување на избирачите судот може да му изрече **парична казна или казна затвор до една година**, додека пак членот на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум или друго службено лице кое во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето ќе ја повреди слободата на определување на избирачите може да биде осуден на **затвор во траење од три месеци до три години.***

На едно лице осудено за повреда на слободата на определување на избирачите, му е изречена парична казна.

*Согласно КЗ на РМ, секој оној кој ќе го злоупотреби избирачкото право, може да биде казнет **парично или пак на затвор до една година.***

На петте лица кои во текот на локалните избори го злоупотребиле избирачкото право, им се изречени следните санкции:

- едно лице е осудено на затвор во траење од осум месеци,
- на три лица им е изречена казна затвор во траење од два месеца,
- на едно лице му е изречена парична казна.

*На лицето кое ќе уништи изборни исправи, судот може да му изрече **парична казна или казна затвор до една година**, додека пак на член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго службено лице во*

[34] При одмерувањето на видот и висината санкцијата, судот како отежнителни околности ги земал: општествената опасност од извршување на вакви кривични дела и зачестена појава од извршување на вакви кривични дела на подрачјето каде што живеат обвинетите, а како олеснителни околности кај обвинетите судот ги земал делумното признание за стореното кривично дело, семејно материјалната положба, околноста дека обвинетите досега се неосудувани .

*вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, тогаш судот може да му изрече* ***парична казна или казна затвор до три години.***

За уништување на изборни исправи е осудено едно лице на затвор во траење од шест месеци.

*Согласно чл. 165 од КЗ на РМ на сторителот на кривично дело изборна измама може да му се изрече* ***казна затвор во траење од три месеци до пет години****.*

На шестте лица огласени за виновни за изборна измама им се изречени следните санкции:

- на едно лице му е изречена казна затвор во траење од шест месеци,
- на пет лица им е изречена условна осуда, односно казна затвор во траење од пет месеци која нема да се изврши ако обвеинетите не сторат ново кривично дело за време од една година.

## 4. Почитување на меѓународните стандарди за правично судење во кривичната постапка против сторителите на кривични дела против изборите и гласањето

### Право на судење пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд

За остварување на непристасно и чесно судење преку што се остварува и начелото на еднаквост на граѓаните пред законот и судовите, едно од клучните прашања е прашањето за составот на судот. Во рамките на проектот беа набљудувани 4 судски предмети, и врз основа на податоците од вкупно 9 прашалници, се утврди дека во 3 случаи судел совет составен од судија и двајца судии поротници 1+2, а во еден случај судел судија поединец.

### Еднаквост на средствата



Еден од начините преку кои се остварува стандардот еднаквост на средствата, е можноста за предлагање на докази од страна на обвинетиот и неговиот бранител во текот на постапката. Врз основа на вкупно 10 пополнети прашалници, се утврди дека во два случаи одбраната предложила нови докази, а судот и во двата случаи делумно ги прифатил предлозите за нови докази. Во кривична постапка која се води пред Основен суд Прилеп против четири лица за кривично дело спречување на избори и гласање по чл.158 ст.2 в.в. ст.1 и чл.19 од КЗ на РМ, на рочиште одбраната предложила сослушување на три сведоци, а судот прифатил да се сослушаат двајца од предложените сведоци, а на друго рочиште одбраната предложила сослушување на шест сведоци, а судот одлучувајќи по овој предлог, прифатил да се сослушаат двајца од предложените сведоци.

### Право да се биде присутен на судењето

Судењето во отсуство е можно само во случаите пропишани со ЗКП на РМ.[35]

[35] Согласно чл.292 од ЗКП на РМ(Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04), по предлог на тужениот, судот може да донесе решение за судење во отсуство, ако обвинетиот е во бегство или не е достапен на државните органи, а постојат особено важни причини да му се суди во отсуство. Во скратена постапка, согласно чл.428 ст.4 од ЗКП на РМ, ако обвинетиот не дојде на главниот претрес, иако е уредно повикан или поканата не можела да се врачи поради непријавување до судот на промената на адресата или престојувалиштето, судот може да одлучи главниот претрес да се одржи и во негово отсуство под услов неговото присуство да не е нужно.

Статистичката анализа на собраните податоци за судење во присуство (отсуство) на обвинетиот, доведе до заклучок дека на 21 обвинет му е судено во негово присуство, а само на двајца обвинети им е судено во отсуство-во кривичен предмет кој е воден пред Основен суд Куманово од вкупно шестмина обвинети (сите уредно известени на записник), четворица биле присутни, а двајца обвинети не биле присутни, па согласно чл.454 ст.4 од ЗКП, судот одлучил на двајцата обвинети да им се суди во отсуство.

ЗКП на РМ предвидува неколку мерки за обезбедување присуството на обвинетиот.[36]

Обработката на собраните податоци, покажа дека во кривичните постапки кои се водени за кривични дела против изборите и гласањето, присуството на 21 обвинет е обезбедено со покана. Додека пак спрема 2 лица е определена мерка притвор. Имено, на 25.04.2005г. МВР има поднесено кривична пријава против три лица за повреда на избирачкото право и за злоупотреба на избирачкото право. Постапувајќи по кривичната пријава, ОЈО Скопје има поднесено предлог за преземање определени истражни дејствија со предлог за определување мерка притвор спрема трите пријавени лица, а истражен судија на Основниот суд Скопје II Скопје им определил притвор на трите пријавени лица во траење од по 8 дена, врз основа на ист законски основ (поради постоење на околности кои укажувале на опасност од бегство на трите пријавени лица, чл.184 ст.1 точка 1 од ЗКП Сл.весник на РМ бр.15/97, 44/02 и 74/04). Откако еден од пријавените се јавил во судот и бил сослушан во присуство на бранител, истражниот судија му го укинал притворот бидејќи утврдил дека не постојат причините поради кои му била определена мерка притвор, а ОЈО Скопје за ова лице донело решение за отфрлање на кривичната пријава поради не постоење на основано сомнение да ова пријавено лице го сторило кривичното дело.




[36] Покана; приведување; ветување на обвинетиот дека нема да го напушти живеалиштето односно престојувалиштето; други превентивни мерки со кои се обезбедува присуство на обвинетиот(забрана за напуштање на живеалиштето односно престојувалиштето, обврска на обвинетиот да се јавува повремено на одредено службено лице или кај надлежен државен орган, привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница односно забрана за нејзино издавање и привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање), гаранција и притвор (Глава XVII од ЗКП Сл.весник бр.15/97, 44/02 и 74/04).

## Судење во разумен рок

Правото на судење во разумен рок значи дека постапката, уважувајќи го правото на обвинетиот на доволно време за подготвување на одбраната, мора да се одвива и пресудата мора да биде донесена без непотребно одлагање, односно во разумен рок.

Во поглед на времетраењето на кривичната постапка во прв степен во 3 случаи кривичната постапка траела од 15 до 30 дена, во 3 случаи траела до 45 дена, во 1 случај траела до 75 дена и во 1 случај траела до 120 дена, што укажува на фактот дека на лицата обвинети за кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г. во РМ, им е судено во разумен рок.






## Право на молчење

Правото на молчење е најзначајна гаранција дека кон обвинетиот нема да се применат присилни методи за да се добие негов исказ или признание. Во поглед на прашањето дали обвинетиот го користел правото на молчење, врз основа на статистичката анализата на собраните податоци се утврди дека 17 обвинети не го користеле правото на молчење, туку ја изнеле својата одбрана.

## Право на преведувач

Припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РМ, имаат право на еднаквост, рамноправност и недискриминација пред судот, право да го користат својот јазик и писмо во постапката и право на преведувач кога не го разбираат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Со оглед да 20 обвинети се припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ (13 Албанци, 6 Турци и 1 Ром), интересен е фактот дека сите тие во кривичната постапка го користеле македонскиот јазик.

## Право на одбрана

Обвинетиот има право да се брани сам или со помош на бранител по свој избор. Доколку според својата имотна состојба, обвинетиот не може да ги поднесе трошоците на одбраната и ако постапката се води за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над една година, има право да добие бесплатна правна помош, а во случаи прецизно утврдени со закон обвинетиот мора да има бранител. Во вкупно 4 набљудувани предмети, врз основа на податоците добиени од 9 пополнети прашалници, се утврди дека 1 обвинет немал бранител, а 11 обвинети имале бранител кој сами го одбрале.



# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Општа оцена на акредитираните домашни и странски набљудувачи е дека локалните избори во РМ во 2005 г. беа фер, демократски и во согласност со Документот од Копенхаген на ОБСЕ и другите меѓународни стандарди за демократски избори, но со сериозни неправилности (полнење гласачки кутии, групно гласање, нарушување на тајноста на гласањето, семејно гласање, неспроведување на постапка за проверка на идентитетот на гласачите и сл.) во значителен број општини во западниот и северозападниот дел од земјата кои што влијаат врз интегритетот на целокупниот изборен процес.

2. Големиот број приговори (поднесени до општинските изборни комисии) и жалби (поднесени до Врховниот суд на РМ) се објективен индикатор за нерегуларностите и нарушувањата на изборниот процес, а како резултат на приговорите и жалбите (нерегуларностите) се одржа прегласување на 27 март, на 10 април, на 24 април , на 8 мај, а имаше и вонредни избори во општина Шуто Оризари.

3. Во текот на локалните избори се извршени вкупно 49 кривични дела против изборите и гласањето, и тоа 61% од вкупниот број кривични дела се извршени во текот на првиот изборен круг, 27% во текот на вториот изборен круг, 8% на прегласувањето на 10.04.2005г., а 4% на прегласувањето на 24.04.2005г.

4. Кривични дела се извршени во 11 општини, а најмногу дела се извршени во општина Шуто Оризари.

5. 95% од вкупниот број кривични дела се извршени во самите простории каде се спроведувало гласањето ( во избирачките места 1117 и 1119 во општина Липково, 1470 и 1473 во општина Долнени, 2968 и 2971 во општина Шуто Оризари, 1391 во општина Прилеп, 2905 во општина Бутел и во избирачкото место 2343 во општина Студеничани), а останатите 5% се извршени надвор од избирачките места.

6. Голем број од кривичните дела се извршени од страна на членови на органите за спроведување на локалните избори. Имено од вкупно 31 обвинет, 15 обвинети се членови на органите за спроведување на локалните избори, и тоа 4 обвинети во моментот на извршување на кривичното дело биле претседатели на избирачки одбори, а 11 обвинети биле членови на избирачки одбори.

7. 70% од кривичните дела извршени за време на локалните избори се пријавени од страна на Министерството за внатрешни работи, 10% се пријавени од страна на граѓани, а 20% од страна на Сојузот на Роми од РМ.

8. За кривични дела против изборите и гласањето извршени за време на локалните избори во 2005г. се пријавени вкупно 65 лица. Од вкупно 65 пријавени лица за 15 лица е отфрлена кривичната пријава, и тоа врз основа на ист законски основ-непостоење на основано сомнение дека пријавениот го сторил делото, против 13 лица се спроведува истрага, за 6 лица се прибираат докази од страна на јавното обвинителство, а 31 лице е обвинето.

9. Од вкупно 31 обвинет, спрема 4 лица првостепената постапка е во тек, за 1 лице е донесена пресуда со која се одбива обвинението, 21 лице е огласено за виновно, а 5 лица се осудени.

10. Врз основа на анализата на податоците за видот и висината на кривичните санкции изречени на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето во врска со локалните избори, се утврди дека при одмерувањето на санкциите македонските судови се движеле во рамките на законскиот максимум и минимум, освен во два предмети каде санкцијата е одмерена под законскиот минимум.



11. Во поглед на почитувањето на меѓународните стандарди за правично судење во кривичната постапка против сторителите на кривични дела против изборите и гласањето, врз основа на собраните податоци се утврди дека на сторителите им е судено во нивно присуство (освен на двајца обвинети), во разумен рок, пред надлежен, независен, непристрасен и со закон заснован суд. Обвинетите го не го користеле правото на молчење, ниту пак правото на преведувач, а го користеле правото да предлагаат докази во своја одбрана, како и правото да се бранат со помош на бранител по свој избор.

12. Голем дел од нерегуларностите забележани од страна на домашните и странски набљудувачи, претставуваат кривично дело.

- кршењето на гласачки кутии; постоење на тензија, немири и заплашување на самите избирачки места и надвор од избирачките места; насилното однесување и меѓусебните физички пресметки во избирачките места; нападите врз гласачи-претставуваат кривично дело спречување на избори и гласање;
- гласањето за други лица; семејното гласање-претставуваат кривично дело злоупотреба на избирачкото право;
- нарушувањето на тајноста на гласањето-претставува кривично дело повреда на тајноста на гласањето;

- агитирањето врз избирачите пред избирачките места-претставуваат кривично дело повреда на слободата на определување на избирачите;

Наспроти големиот број лица кои за време на локалните избори во 2005г: гласале за други, кршеле гласачки кутии, ја нарушувале тајноста на гласањето, и сл.,[37] многу е мал бројот на лицата против кои се поднесени кривични пријави, а уште помал е бројот на обвинети лица, поради што е оправдан заклучокот дека оценката за кривичното гонење на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето за време на локалните избори во 2005г, е негативна.



[37] Извештај, локални избори 2005, мај 2005, ГА МОСТ; Конечен извештај на набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ОДИХР, Варшава, 8 јуни 2005

# ПРЕПОРАКИ ЗА ИЗМЕНА НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

1. Заради создавање на услови за спроведување на фер и демократски избори од големо значење е формирањето политички независни органи за спроведување на изборите, па во таа насока, неопходно е со новиот изборен закон да се предвиди следното:

   Членовите на Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори да се именуваат од страна на судовите, не по предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови и политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

2. Согласно чл.62 од Законот за локални избори, при утврдувањето на резултатите од гласањето на избирачките места, неупотребените гласачки ливчиња се ставаат во посебен плик кој се затвора, запечатува и врз него се запишува бројот на избирачкото место и вкупниот број на неупотребените ливчиња.

   Ваквата законска одредба остава можност можност неупотребените гласачки ливчиња да се злоупотребат, поради што со новиот изборен закон да се предвиди:

   По утврдувањето на бројот на неупотребените гласачки ливчиња, на неупотребените гласачки ливчиња да се стави некаков знак (засекување со ножица, обележување со маркер и сл.), со што нема да постои можност неупотребените гласачки ливчиња да се злоупотребат.

3. Согласно чл.81 од Законот за локални избори, секој подносител на листа на кандидати за членови на совет и листа на кандидат за градоначалник и секој избирач во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето има право да поднесе приговор до изборната комисија.

   Оваа законска одредба ги исклучува домашните набљудувачи од постапката за заштита на избирачкото право, што е неоправдано бидејќи домашните набљудувачи се непосредно присутни при гласањето, сумирањети и утврдувањето на резултатите од гласањето. Затоа, покрај подносителот на листа на кандидати за членови на совет и листа на кандидат за градоначалник, со новиот изборен закон да се предвиди право за поднесување на приговори и жалби до

надлежните органи, и за невладините организации кои се јавуваат како домашни набљудувачи.

4. Со новиот изборен закон, за членовите на органите за спроведување на изборите (ДИК, ОИК и ИО) кои се осудени за кривични дела против изборите и гласањето, да се предвиди забрана за тие лица во иднина повторно да бидат членови на органи за спроведување на изборите.

5. Во новиот изборен закон да се предвиди обврска за ДИК и ОИК, да го достават избирачкиот материјал до Основните Јавни обвинителства, доколку избирачкиот материјал може да послужи како доказ во постапката за кривично гонење на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето.

6. Кривичното гонење на сторителите на кривични дела против изборите и гласањето ќе биде поефикасно доколку со новиот изборен закон се направи прецизна граница помеѓу изборни нерегуларности и кривични дела против изборите и гласањето. Новиот изборен закон не смее да содржи одредба каква што е содржана во Законот за локални избори (чл.97 ст.1 “Со парична казна од 40.000 до 50.000 ден. ќе се казни за прекршок физичко лице кое гласа за повеќе лица или гласа во име на друго лице, како и за спречување на присуство на полиција, ако за тоа имало потреба.”) бидејќи со оваа одредба гласањето за повеќе лица и гласањето во име на друг се определени како прекршок, а истите тие дејствија (гласањето за повеќе лица и гласањето во име на друг) согласно КЗ претставуваат кривично дело злоупотреба на избирачкото право, поради што постои опасност едно лице за едно исто дејствие да биде казнето за прекршок и за кривично дело, што е спротивно на начелото на забрана за повторно судење (non bis in idem)[38].

7. Во новиот изборен закон, освен изборните нерегуларности кои претставуваат кривични дела против изборите и гласањето (кршење на гласачки кутии, семејно гласање, гласање за друг, нарушување на тајноста на гласањето и сл.), сите други изборни нерегуларности да се предвидат како прекршоци. Заради успешно справување и спречување на овие изборни нерегуларности, со новиот изборен закон да се овласти избирачкиот одбор (откако ќе утврди дека некое лице извршило таква нерегуларност) да ја извести полицијата која го обезбедува објектот во кој е сместено гласачкото место, а на полицијата да и биде дадено овластување по констатирање на состојбата да состави записник, и врз основа на истиот да поднесе прекршочна пријава.

[38] “Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.”-чл.14 ст.2 од Уставот на РМ
“Никој не може повторно да биде суден или казнет за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.”чл.5 од ЗКП на РМ

# Библиографија


- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и протоколите бр.1, 4, 6, 7 и 11 (Сл.весник на РМ бр.11/97)
- Закон за избирачки места (Сл.весник на РМ бр.50/97)
- Закон за избирачки список (Сл.весник на РМ бр.42/02)
- Закон за јавно обвинителство (Сл.весник на РМ бр.80/92, 19/93 и 49/96)
- Закон за кривична постапка (Сл.весник на РМ бр.15/97, 44/02 и 74/04)
- Закон за локални избори (Сл.весник на РМ бр.45/04)
- Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02)
- Закон за прекршоците (Сл.весник на РМ бр.15/97)
- Закон за судовите (Сл.весник на РМ бр.36/95, 45/95 и 64/03)
- Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија
- Извештај, локални избори 2005, мај 2005, ГА МОСТ
- Камбовски Владо, казнено право-општ дел, Скопје 2004
- Камбовски Владо, казнено право-посебен дел, Скопје 1997
- Каневчев Методија, кривично-правна заштита на изборниот систем, докторска дисертација, Скопје 1994
- Климовски Саво, уставен и политички систем, Скопје 1997
- Конечен извештај на Набљудувачката мисија за изборите на ОБСЕ/ ОДИХР, Варшава, 8 јуни 2005
- Кодекс за правилата и процедурата за набљудување на локалните избори 2005 (Сл.весник на РМ бр.45/04)
- Кривичен законик (Сл.весник на РМ бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 19/04)
- Матовски Никола, казнено процесно право-општ дел, 2003г. Скопје
- Устав на РМ (Сл.весник на РМ бр.52/91) и Амандмани на Уставот: I и II (Сл.весник на РМ бр.1/92); III (Сл.весник на РМ бр.31/98); IV-XVIII (Сл.весник на РМ бр.91/01) и XIX (Сл.весник на РМ бр.84/03)
- Шкариќ Светомир, Македонија на сите континенти, мир-демократија-геополитика, Скопје 2000г.

* * *

www.dik.mk

www.most.org.mk

www.dnevnik.com.mk

www.utrinskivesnik.com.mk

www.vecer.com.mk

www.mhc.org.mk

www.balkantimes.com

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.415:343.18(497.7)
343.18:343.415(497.7)

НЕТКОВСКА, Маријана
УСПЕШНОТО спречување на изборните нерегуларности клучен фактор за фер и демократски избори. / Маријана НЕТКОВСКА. - Скопје: Коалиција Сите за правично судење, 2005. - 44 стр.: илустр. во боја; 24 цм

ISBN 9989-2502-4-3

а) Кривични дела против изборите - Правосудство - Македонија

COBISS.MK-ID 63330826